РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС

Бр. 0201-232/4
28.10. 2019 год.
СКОПЈЕ

БАС
ВИСОКА ШКОЛА

Врз основа на член 60 став 1 алинеја 42 од Статутот на БАС, Органот на основачи на БАС на состанокот одржан на 28.10.2019 година ја донесува следнава

# ОДЛУКА

## за продолжување и завршување на студиите на активните студенти на прв циклус на студии согласно студиската програма на која се запишале

**Член 1**

На активните студенти кои се запишале на БАС на студиската програма Оперативен менаџмент на прв циклус на студии од студиската 2017/2018 година па наназад им се овозможува завршување на наставните обврски на студиите согласно студиската програма на која се запишале и согласно Статутот и општите акти на БАС најдоцна до 30.09.2021 година.

**Член 2**

Студентите, опфатени во член 1 на оваа одлука, имаат обврска финансиските обврски да ги подмират согласно Договорот за школување.

**Член 3**

Студентите, опфатени во член 1 на оваа одлука, кои нема да ги завршат предвидените наставни обврски, согласно рокот предвиден во член 1 на оваа одлука, сами ги сносат последиците и разликите кои произлегуваат од префрлување на друга, нова студиска програма (наставни и финансиски) и кои ги предвидува Законот, Статутот и другите општи акти на БАС.

**Член 4**

Да се информираат сите студенти, опфатени со член 1 на оваа одлука, за начинот, условите и роковите за завршување на студиите.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Орган на основачи на БАС:**
**Проф. д-р Цветко Смилевски**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**

**Цена Смилевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
Самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
СКОПЈЕ